# РЕГИОНАЛЕН СОСТАНОК НА ЗАПАДЕН БАЛКАН 6

## ЗАКЛУЧОЦИ НА ПРЕТСЕДАВАЧОТ

**10 ноември 2019**

На состанокот во Охрид, свикан од премиерот Зоран Заев, се дискутираше за унапредување на добрососедските односи и регионалната соработка преку отстранување на баририерите за слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал. Беше нагласено следното:

- Членството во Европската Унија останува главна цел на Западниот Балкан. Не постои одржлива алтернатива на оваа цел.
- Сите земји од Западен Балкан ги споделуваат европските вредности и продолжуваат да работат на имплементирање на европските стандарди во нивните општества. Беа потврдени заложбите за спроведување на потребните реформи и за постепено целосно усогласување со европското законодавство, со цел економско и политичко приближување на регионот кон Европската Унија.
- Беше потврдено дека пристапниот процес е најдобриот трансформативен инструмент за обезбедување на просперитет и напредок на општествата, но исто така за обезбедување на структурна и ефективна конвергентност меѓу Европската Унија и Западниот Балкан.
- Истовремено, беше нагласено дека регионалната соработка, вклучително и зајакнатата економска соработка е интегрален дел на напорите за обезбедување на напредок, економски просперитет и справување со актуелните предизвици. Исто така беше посочена важноста од унапредување и олеснување на комуникацијата меѓу луѓето.
- Беше потврдено дека овие напори се составен дел од нашите амбиции за членството во ЕУ.
- Беа поздравени досегашните постигнувања и тековните активности во регионалната економска област преку Повеќегодишниот акциски план за Регионалната економска област, како и активностите во останатите регионални иницијативи.
- Улогата на Берлинскиот процес, како значаен двигател на регионалната соработка, беше нотирана и поздравена.
- Понатаму, беше потврдена заложбата дека мерките во контекст на регионалната соработка ќе се имплементираат со добра волја од сите страни, согласно предвиденото во рамките на постојната соработка. (на пример: МАП РЕА, ЦЕФТА, РСС и други).
- Како приоритетен чекор, беше договорено понатамошно продлабочување на регионалната соработка во областите од заеднички интерес.